РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **28.09.2020 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 9 – 2020 год.** |

СЕПТЕМВРИ 2020

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 33 од Деловникот на Советот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 1/05), Советот на Општина Македонски Брод на 40-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
**за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Македонски Брод**

1. На Ивица Димоски, член на Советот на општина Македонски Брод, му престанува мандатот на член на Советот на општина Македонски Брод, поради поднесување на оставка, сметајќи од 25.09.2020 година како ден на одржување на седницата.

2. Примерок од Решението за констатирање престанок на мандатот да се достави до членот на Советот и Општинската изборна комисија од Македонски Брод.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-540/3
25.09.2020 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за констатирање престанок на мандат на член на**

**Советот на општина Македонски Брод**

Се објавува Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 40 - та седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), а во врска со поднесено Барање на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод за одржување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година со бр.03-400/1 од 09.09.2020 година, Советот на Општина Македонски Брод на 40-та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод**

**Член 1**

Поради исполнување на условите за физичко присуство на настава во учебната 2020/2021 година, се дава Согласност на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод за организирање на настава со физичко присуство на ученици во учебната 2020/2021 година, согласно поднесеното Барање на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод за одржување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година

**Член 2**

Училиштето е должно да се придржува на насоките дадени во Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на ученици во учебната 2020/2021 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод во најкус можен рок барањето да го испрати до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-540/4
25.09.2020 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002), член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), а во врска со поднесено Барање на СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод за одржување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година со бр.03-251/3 од 09.09.2020 година, Советот на Општина Македонски Брод на 40 - та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод**

**Член 1**

Поради исполнување на условите за физичко присуство на настава во учебната 2020/2021 година, се дава Согласност на СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод за организирање на настава со физичко присуство на ученици во учебната 2020/2021 година, согласно поднесеното Барање на СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод за одржување на настава со физичко присуство на учениците за учебната 2020/2021 година

**Член 2**

Училиштето е должно да се придржува на насоките дадени во Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно - образовниот процес со физичко присуство на ученици во учебната 2020/2021 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод во најкус можен рок барањето да го испрати до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на поднесени барања за организирање на настава со физичко присуство.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Број 18-540/5
25.09.2020 година
Мак.Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава**

**во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), по доставено барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ бр.18-549 од 24.09.2020 година, Советот на Општина Македонски Брод на 40 - та седница одржана на ден 25.09.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање на согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, дава согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во врска со проектот ЕРАЗМУС одобрен од Романска национална агенција именуван како зелена со регистарски број 2020-1-R001-KA229-079887 заради непречено спроведување на истиот.

**2.**Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави и во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-540/6
25.09.2020 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03…4/17), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 25.09.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за давање на приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и Д.Манастирец, Општина Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод дава приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и д.Манастирец, Општина Македонски Брод со кој преку Одделението за локален економски развој може да се аплицира на повик за добивање на финансиски средства за реализација на истиот.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 18 – 540/7
25.09.2020 год.

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за давање на приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и Д.Манастирец, Општина Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и Д.Манастирец, Општина Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст),а согласно член 31 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2020 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/19) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица бр.18-372/8 донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод од 30.03.2018 год, по доставени барања од физички лица и записникот од комисијата за опшествени дејности, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 25.09.2020 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок по барања од физички лица**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 25.09.2020 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок и тоа како следи на:

- Николоски Бошко му се добрува еднократен надоместок во износ од 5.000,00 МКД
- Стојаноски Целе се одобрува еднократен надоместок во износ од 5.000,00 МКД
- Дончо Трајкоски барањето да се препрати до МЦСР - Македонски Брод

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2020 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18- 540/9

25.09.2020 година

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за лекување**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица за лекување, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 31 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2020 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/19) по доставено барање од Зоран Стојаноски ул.„15-та Бригада“ Македонски Брод бр.18-166/1 од 12.02.2020 година и Димоски Стојан ул.„И.И.Цветан“ бр.14 од Македонски Брод по предлог од комисијата за општествени дејности, Советот на Општина Македонски Брод на 40 - та седница одржана на ден 25.09.2020 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод**

**како еднократен надоместок за спонзорирање печатење на роман и монографија**

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 25.09.2020 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за спонзорирање на издаден роман и монографија и тоа:

- Зоран Стојаноски се одобрува еднократен надоместок во износ од 3.000,00 денари за издавање и печатење на роман со наслов „Распетието на мојот татко“.
- Стојан Димоски се одобрува еднократен надоместок во износ од 3 000,00 денари за издавање и печатење на Монографија
- Обврска на барателот е достава на писмен извештај за реализација на добиените средства

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2020 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18- 540/10

25.09.2020 година

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за спонзорирање за печатење на роман и монографија**

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за спонзорирање за печатење на роман и монографија, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 40 - седница одржана на ден 25.09.2020 година.

Бр. 08 – 540/11

28.09.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник

Живко Siљаноски с.р.

**Службен гласник број 9 од 28.09.2020 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Решение за констатирање престанок на мандат на член на Советот на општина Македонски Брод ............................................................... стр. 3

Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод ............................................................ стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод ................. стр. 5

Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод ................................................................. стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за давање Согласност за физичко присуство на учениците на настава во СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод ....................... стр. 7

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 8

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО бр.02-281/3 од 25.09.2020 година за отварање на донаторска сметка во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод ............................................................................. стр. 9

Одлука за давање на приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и Д.Манастирец, Општина Македонски Брод ................................................................... стр. 10

Заклучок за објавување на Одлука за давање на приоритет за изработка на комплетна проектна документација за изградба на еднообразни игралишта во населените места Самоков, Требино, Суви дол и Д.Манастирец, Општина Македонски Брод .... стр. 11

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ..................................................... стр. 12

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барања од физички лица ................................................................................................................................. стр. 13

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за спонзорирање за печатење на роман и монографија ......... стр. 14

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за спонзорирање за печатење на роман и монографија ......................................................................................................... стр. 15